# ПОРАКА

Гласило на Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост Број 3 година XXIX




Дарко Ефтимовски и Владимир Мирковиќ,
учесници на спортско - рекреативни активности,
Маврово, септември 2016 година

## СОДРЖИНА


*2 страна*
***10 годишнина од Конвенцијата на ОН за правата на лица со попреченост***

*3 страна*
***Изјава на Генералниот секретар на ОН по повод 10 годишнината...***

*4 и 5 страна*
***Спортско - рекреативни активности***

*6 и 7 страна*
***Учество на РЦПЛИП - ПОРАКА во европски проекти***

*8 страна*
***Резолуција за имплементацијата на Конвенцијата на ОН***

*9 страна*
***Семинар на ЕАСПД***

*10, 11 и 12 страна*
***И при задоцнето прозборување и проодување треба да се посомневате на дислексија***

*13 страна*
***Инклузивното образование е витално за сите...***

*12, 13, 14 и 15 страна*
***Активности на сервисните служби и локалните организации на РЦПЛИП - ПОРАКА***

*16 страна*
***Наша страница***
***- Реализација на донацијата од Винарската визба Тиквеш***



***"ПОРАКА"***
*Гласило на Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА*
**Гласилото излегува секои 3 месеци**

***Главен и одговорен уредник:***
**Виолета Димоска**

***Уредувачки одбор:***
**Василка Димоска**
**Владо Крстовски**
**Маја Гацоска**

***Печати:***
*Дата Понс, Скопје*
*Тираж 1.000 примероци*
**Септември 2016 г. Број 3, год. XXIX**



*Адреса на РЦПЛИП - ПОРАКА:*
*"Орце Николов" бр. 122, 1000 Скопје;*
*тел.: 329 69 61; факс: 329 69 60*
E-mail: **poraka@t-home.mk**
Web: **www.poraka.org.mk**



**Според Министерството за култура на РМ, со одлука 07-2613/2, за гласилото ПОРАКА се плаќа повластена даночна стапка од 5%.**



***Дадените согледувања и употребуваната терминологија во одредени написи од одредени автори не го одразуваат официјалното мислење и ставови на РЦПЛИП - ПОРАКА.***


CRPD10YEARS
disability rights are human rights

# Одбележување на 10 годишнината од усвојувањето на Конвенцијата на ОН за правата на лица со попреченост

**На 13 декември 2006 година, Генералното Собрание на Обединетите нации усвои резолуција која ја воспостави Конвенцијата за правата на лица со попреченост.**

**Целта на Конвенцијата е „унапредување, заштита и обезбедување на целосното и еднакво уживање на сите човекови права и основни слободи на сите лица со попреченост, како и унапредување на почитувањето на нивното вродено достоинство."**

**Нејзината главна порака е дека лицата со попреченост имаат право на целиот спектар од човекови права и основни слободи без дискриминација.**

**Поради тоа, Конвенцијата го промовира целосното учество на лицата со попреченост во сите сфери од животот, предизвикувајќи ги обичаите, стереотипите, предрасудите, штетните практики и стигмата поврзани со лицата со попреченост.**

**Во изминативе десет години откако е усвоена, Конвенцијата е една од најбрзо ратификуваните меѓународни договори за човекови права, а до денес ја ратификувале 166 држави. Сепак, се уште постојат огромни предизвици за постигнување на целосното уживање на правата од страна на сите лица со попреченост.**

**Комитетот на ОН за правата на лица со попреченост следи како земјите кои ја ратификувале Конвенцијата делуваат за нејзино имплементирање преку редовни прегледи и издавање конкретни препораки за тоа како можат да се решат прекршувањата и како да се потврдуваат дадените права.**

## Активности на Обединетите нации

# Генералниот секретар на ОН се обрати на десетгодишнината од усвојувањето на Конвенцијата на ОН за правата на лица со попреченост во Кина

**Пекинг, Кина, 7 јули 2016 година.**
**Обраќање на Генералниот секретар на ОН на Состанокот по повод десетгодишнината од усвојувањето на Конвенцијата за правата на лицата со попреченост.**

Почитувани,

Ви благодарам што денес сте тука да се одбележи десет годишнината од усвојувањето на Конвенцијата за правата на лицата со попреченост. Особено сум благодарен на Владата на Кина и Федерацијата на лица со попреченост во Кина што ме поканија да се обратам на оваа средба, како и за нивната долгогодишна работа и застапување во името на лицата со попреченост.

Веќе од 27 јуни, Конвенцијата има 165 ратификации. Тоа значи дека постојат 165 цврсти заложби за еднаквост и за елиминирање на физичките и културните бариери за целосно учество на сите сектори во општеството. Но исто така, значи и дека 28 држави членки се уште не го дале ова ветување. Ги повикувам да го сторат тоа без понатамошно одолговлекување. Тоа е прашање на основно човечко достоинство и солидарност

Човековите права, вклучително социјалните, културните, граѓанските и политичките права, се за сите луѓе во сите земји во секое време, без дискриминација од било кој вид. Десет години по усвојувањето Конвенцијата делува во креирање на поинклузивни општества за лицата со попреченост и нивните заедници низ целиот свет.

Постојат голем број значајни чекори за унапредување на имплементацијата на национално, регионално и глобално ниво. Кина го намали бројот на лица со попреченост кои живеат во сиромаштија, ја вклучи попреченоста во редовните текови на националните програми за развој, на пример, во пристапот до здравствена грижа и социјалната заштита. Има пристап до објектите, и до релевантните информации, кои се задолжителни за лицата со попреченост. Донесувањето на задолжителни мерки е најдобриот начин да се променат општествените ставови и да се осигура дека гласот на лицата со попреченост се слуша.

Екселенции, почитувани гости, дами и господа: иако имаме многу за да прославиме, многу жени, деца и мажи со попреченост низ целиот свет се уште секојдневно искусуваат предизвици. Потребни ни се конкретни мерки за да промовираме инклузивни и пристапни општества и развојни агенди. Треба да овозможиме еднакви можности и да креираме поволни услови за да можат лицата со попреченост да учествуваат во сите аспекти на развојот, како и во граѓанскиот и културниот живот во нивните земји.

Со задоволство можам да забележам дека тоа беше фокусот на деветтата конференција на држави потписнички на Конвенцијата на ОН за правата на лица со попреченост, што се одржа во седиштето на ОН.

Меѓународната заедница сега веќе ја имплементира 2030 Агендата за одржлив развој, со главна заложба да не остава никого позади. Тоа ги става лицата со попреченост во првите редови на одржливиот развој, со обновена заложба на меѓународната заедница за вклучување на попреченоста во редовните текови на многу од целите и показателите поврзани со одржливите развојни цели.

Уште една област за акции се хуманитарните кризи, кои можат да имаат несразмерен ефект врз лицата со попреченост. За време на Светскиот самит за хуманитарност во мај 2016, 70 агенции и организации се собраа на едно место да ја потпишат Повелбата за инклузија на лица со попреченост во хуманитарна акција. Оваа повелба се стреми да ја зајакне заштитата и безбедноста на лицата со попреченост во вонредни ситуации и да им помогне да учествуваат во програмите за подготвеност и реагирање.

Насекаде низ светот, правата и добросостојбата на лицата со попреченост се прифатени како приоритет и се интегрирани во социјалните и хуманитарните политики, програми и активности на сите нивоа. Треба да продолжиме да правиме понатамошни чекори.

Дами и господа, би сакал да ја искористам оваа можност да ја изразам мојата искрена благодарност до Владата на Кина и Федерацијата на лица со попреченост на Кина за многуте децении на водство и соработка со Обединетите Нации. Премногу долго, во многу земји, лицата со попреченост се третирани на начини кои се спротивни на вредностите за кои секојдневно се залагаат Обединетите Нации.

Од усвојувањето на оваа мошне значајна Конвенција пред десет години, видовме многу големи напредоци. Светот сега има корист од талентите, перспективите и придонесите на лицата со попреченост што претходно не можеше да се слушне и секогаш беа потценети.

Сите ние имаме корист, и се заблагодарувам на активистите во првите редови на оваа борба за нивната заложба и ангажман. Но мора да одиме понатаму.

Мора да градиме свесност за специфичните потреби на лицата со попреченост особено кога се подложени на дополнителна дискриминација врз основа на возраст, род и етничко потекло.

Лицата со попреченост мора да станат составен дел на националното, регионалното и глобалното размислување и планирање, не само во области што нив специфично ги засегаат, туку и во одлуки кои влијаат врз сите. Додека меѓународната заедница се стреми кон инклузивни општества и одржлив развој, сметаме на постојаната поддршка од Кина и Федерацијата на лицата со попреченост на Кина, во и надвор од ОН.

Ви посакувам голем успех на овој значаен состанок.

## Активности на РЦПЛИП - ПОРАКА

# СПОРТСКО РЕКРЕАТИВНИ АКТИВНОСТИ за корисниците на дневните центри на РЦПЛИП - ПОРАКА

**Во согласност со својата Програма за работа за 2016 година, Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост ПОРАКА во периодот од 19-ти до 23-ти септември 2016 година ги организираше и ги спроведе вторите спортско-рекреативни активности за корисниците на дневните центри на РЦПЛИП ПОРАКА во 2016 година.**






Како резултат на позитивните ефекти од спроведувањето на спортско-рекреативните активности во изминатите години, Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА и во 2016 година предвиде организирање и реализирање на две вакви манифестации во својата програма за работа.

Главната цел на овие активности е промоција на формата на вклучување на лицата со интелектуална попреченост во општеството преку спорт и рекреација и придонес во развојот на вештините за самостојно живеење кај овие лица. Ваквите активности нудат можности за подобрување на психофизичката состојба на лицата со интелектуална попреченост.

Вторите спортско - рекреативните активности во 2016 година се одржаа во периодот од 19-ти до 23-ти септмеври во Маврово, во хотел Бистра кој е дел од спортскиот центар - Маврово и располага со сопствена спортска сала и терени.

Во спортско - рекреативните активности беа вклучени лица со интелектуална попреченост, корисници на дневните центри кои ги менаџира РЦПЛИП - ПОРАКА во Скопје и во Радовиш. Во реализацијата на овие активности беа вклучени водичи на тимовите (персонал од дневните центри) и одговорни лица од РЦПЛИП - ПОРАКА.



## Активности на РЦПЛИП - ПОРАКА





Спортско - рекреативните активности обезбедуваат голем број на можности: развој на чувството и духот на натпреварување меѓу лицата со интелектуална попреченост; искуството да се биде дел од спортска екипа, притоа чувствувајќи го единството во екипата; мотивација за натпреварување и победа, но истовремено и искусување и справување со пораз во спортските игри.

Од друга страна, овие активности претставуваат добра можност за персоналот од дневните центри да поминува 24 часа заедно со корисниците на дневните центри овозможувајќи им да го разберат ритамот на живеење и однесување на секое лице со интелектуална попреченост.

Понатаму, набљудувањето на корисниците во нова средина, без родителско влијание, им нуди на персоналот нови сознанија во однос на можните подобрувања во самостојноста и самодовербата меѓу корисниците и несебичната поддршка и пријателство меѓу нив самите, што не може да се увиди во текот на активностите во дневните центри. Уште повеќе, ваквите активности обезбедуваат можности за подобрување на вештините за одржување на личната хигиена, вештините за социјални интеракции итн.

Спортските активности беа поделени во следните дисциплини:

- Атлетика (натпревари во трчање и скок во далечина);
- Натпревари во мал фудбал;
- Натпревари во кошарка;
- Натпревари во тегнење на јаже.

Рекреативниот дел од програмата опфати прошетки по блиските шумски патеки, разни друштвени игри, цртање, како и забави со музика и танцување во вечерните часови.

Може да се заклучи дека целите на спортско - рекреативните активности беа во целост реализирани. Корисниците на дневните центри беа активно вклучени во спортско - рекреативните содржини, персоналот од дневните центри на РЦПЛИП - ПОРАКА имаше можност да увиди важни информации во однос на однесувањето на корисниците надвор од дневниот центар.

Тоа ќе биде од огромно значење за нивната понатамошна работа во рамките на индивидуалната работа со корисниците и подобрувањето на вештините за самостојно живеење.





## Партнерства на РЦПЛИП - ПОРАКА во европски проекти

# Завршна конференција во рамките на проектот „Кон европски вредности – лицата со попреченост како рамноправни граѓани”

**„Кон европски вредности - лицата со попреченост како рамноправни граѓани” е европски проект во кој како партнерска организација учествува Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА. Водечкиот партнер е Асоцијацијата за промовирање на инклузијата (АПИ) Србија, која заедно со организации од 7 земји, меѓу кои и РЦПЛИП - ПОРАКА, го реализираат во период од една година.**

Целта на проектот е да се придонесе за целосна интеграција и граѓанско учество на лицата со попреченост, во согласност со европските вредности и начела. Специфичната цел е да се развие модел за сеопфатно зајакнување на лицата со попреченост, со особен фокус на лицата со интелектуална попреченост, за да можат да преземат активна улога во создавањето на инклузивно демократско општество и да влијаат на процесот на креирање на политики и донесување одлуки на национално и на европски ниво, а кои имаат влијание врз нивната добросостојба.

Проектот црпи искуства и знаења од областа на инклузијата и граѓанското зајакнување на лицата со попреченост ширум земјите членки на ЕУ и земјите кандидати за членство, со цел јакнење на демократското учество на сите граѓани вклучително и оние кои се на маргините на општеството. Поточно, проектот отвори простор за разгледување на клучните услуги и алатки за изедначување на можностите за најмаргинализираните групи на општеството да учествуваат во процесите на креирањето на јавите политики, имплементацијата, мониторингот и евалуацијата, на рамноправна основа со останатите граѓани. Всушност, проектот е фокусиран на организирање на едукативни работилници, дебати и дијалози за и меѓу лицата со попреченост во седум земји (Србија, Италија, Словенија, Хрватска, Црна Гора, Македонија и Босна и Херцеговина), вклучувајќи обезбедувачи на сервисни служби и здруженија на самозастапници т.е. лица со попреченост, во врска со прашања околу самозастапување, волонтирање, интеграција во вработувањето и социјалното претприемништво. Сите тематски области се



разработувани низ размена на примери на добра практика од сите земји учеснички, истражувајќи ги потребните предуслови и можни патишта за да се користат добрите практики од сите партнерски земји.

**На 8-ми јули 2016 година во Нови Сад, Србија, Асоцијацијата за промовирање на инклузијата (АПИ) - Србија во соработка со Училиштето за основно и средно образование на деца со попреченост „Милан Петровиќ” - Нови Сад, ја организираше завршната конференција на проектот. На конференцијата учествуваа 100-тина учесници од Србија, како и претставници на партнерските организациите во проектот.**

На завршната конференција учествуваа Владо Крстовски и Виктор Боризовски како претставници на Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА и Никола Огненовски и Бенјамин Беќир - корисници во дневните центри - ПОРАКА Скопје.



## Партнерства на РЦПЛИП - ПОРАКА во европски проекти

Конференцијата започна со поздравни обраќања и воведни излагања од страна на домаќините: Славица Марковиќ - директорка на Училиштето за основно и средно образование на деца со попреченост „Милан Петровиќ"- Нови Сад, Александар Петровиќ - Помошник Градоначалник на Нови Сад и д-р Драгомир Лукиќ, проектен менаџер и претседател на АПИ - Србија.

Во продолжение, претставниците на партнерските организации во проектот ги презентираа своите извештаи за учество во проектот, односно сите активности кои биле преземени по одржаните обуки, научените лекции, стекнатите знаења и искуства.

Владо Крстовски го презентираше учеството на РЦПЛИП - ПОРАКА и главните придобивки од проектот, фокусирајќи се на следните области:

1. **Самозастапување**, како недоволно развиен концепт во Македонија и поврзаноста со реформата на постапките за ограничување на деловната способност на лица со интелектуална попреченост
2. **Социјално претприемништво**, како исклучително значајна новина која би требало да придонесе за подобра одржливост на сервисните служби за лица со попреченост
3. **Работно ангажирање,** како процес на поголемо осамостојување на лицата со попреченост и
4. **Здружување и вмрежување** во формалните европски мрежи во областа на попреченост, истакнувајќи ја улогата на ЕАСПД - Европска асоцијација на обезбедувачи на сервисни служби за лица со попреченост.

# Активности во рамките на проектот
# “Рана инклузија преку взаемно учење”

Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА продолжува со учеството како партнер организација во конзорциум со 10 партнери во Европски проект насловен како „Рана инклузија преку взаемно учење", кој е поддржан од Австриската агенција за меѓународна соработка. Проектот се фокусира на зголемено знаење и споделени методи во односот со деца од предучилишна возраст кои имаат попреченост или се во ризик да стекнат попреченост. Проектот има за цел да пренесе информации, конкретни методологии и процена на компетенции.

Во изминатиот период, РЦПЛИП - ПОРАКА беше во директна комуникација со конзорциумот на партнерски организации, предводен од австриската организација Sinn-Evaluation. Во рамките на проектот, продолжија редовните активности, согласно проектниот распоред. Тимот на РЦПЛИП - ПОРАКА работеше на унапредувањето на алатките кои се овозможени со овој проект. Поточно се работеше за унапредување на алатката: Пазар за методи на инклузија што претставува самоорганизирана методолошка онлајн размена на искуства. Активностите се однесуваа на адаптација и средување на онлајн платформата www.early-inclusion.eu наменета за размена на искуства меѓу професионалците и се поставуваа позитивни искуства и практики од работата со лица со интелектуална попреченост. Исто така, беа преземени голем број активности од технички карактер, пред се за превод, адаптација на информативни материјали.

Воедно се спроведуваат и подготвителни активности за одржување на редовен состанок на проектните партнери кој ќе се одржи во Скопје кон крајот на октомври 2016 година, чиј домаќин ќе биде Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА.



## Од членството на РЦПЛИП - ПОРАКА во ЕАСПД

# Усвојување на Резолуција од страна на Европскиот парламент за имплементација на Конвенцијата на ОН за правата на лица со попреченост

**На 7 јули 2016 година Европскиот Парламент усвои Резолуција за имплементацијата на Конвенцијата на ОН за правата на лица со попреченост. Резолуцијата доаѓа како продолжение на препораките до Европската унија добиени од Обединетите нации во текот на ЕУ-ОН конструктивниот дијалог кој заврши во август 2015 година.Најголемиот број на членови на Европскиот Парламент усвоија резолуција за применување на препораките на човекови права од ОН**

Минатата година, Комитетот на ОН за правата на лица со попреченост направи преглед на работата на Европската Унија во заштитата и унапредувањето на правата на 80 милиони лица со попреченост во Европа. По прегледот Комитетот на ОН издаде листа на препораки до ЕУ за кои треба да се направи извештај по четири години. Европскиот парламент формално реагираше на препораките од ОН и изготви извештај. Изготвен од член на Европскиот Парламент **Хелга Стевенс**, извештајот ги изразува ставовите на Европскиот Парламент за тоа што треба да направи ЕУ за подобра имплементација на Конвенцијата на ОН за правата на лица со попреченост.

**За време на пленарната расправа во Европскиот Парламент во Стразбур, членовите на Европскиот Парламент усвоија резолуција заснована на извештајот, и ја повикаа Европската Комисија и Советот на ЕУ за целосна имплементација на препораките од ОН.** Резолуцијата е далекусежна и сеопфатна, и вклучува:

- ЕУ треба да предничи кога станува збор за почитување и унапредување на човековите права;
- Сите ЕУ закони, политики и програми мора да се усогласени со Конвенцијата на ОН за правата на лица со попреченост;
- ЕУ мора подетално да го разгледа влијанието на економската политика на ЕУ за ситуацијата на лицата со попреченост и треба да создаде основа во социјалната заштита, како што е препорачано од Комитетот на ОН за правата на лица со попреченост;
- Гаранции за слобода на движење низ ЕУ, на лицата со попреченост треба да им се овозможи слободно да се движат за да живеат, работат и учат во ЕУ - и тоа треба да се поддржано преку програми на ЕУ.

**ЕАСПД го поздравува ова значајно постигнување, кое ја потврдува обврската на Европскиот Парламент во обезбедување дека правата во областа на попреченоста се наоѓаат високо на агендата, и е задоволна со текстот кој сеопфатно ги прикажува областите во кои ЕУ може да придонесе и да направи разлика во животите на лицата со попреченост и нивните сервиси за поддршка.**

Резолуцијата ги нагласува потешкотиите со кои се судруваат лицата со попреченост во сите фази од нивниот живот, со дискриминацијата и несразмерните неповолности при учеството во општеството. Особено не радува признанието за потребата во инвестиции и обезбедување на индивидуализирани сервиси за поддршка насочени кон лицата со попреченост, но и кон поширокото опкружување - вклучително и семејствата, згрижувачите и професионалците. Исто така, вклучен е и мултидисциплинарниот пристап, препознавајќи ја од една страна специфичноста на мерките за поддршка да бидат обезбедени од квалификувани и добро обучени експерти, а од друга страна нивната интеграција во пошироката мрежа на чинители од сите аспекти кои водат до вклучување на лицата со попреченост во општеството. Во тој поглед, ЕАСПД смета дека е неопходно да се примени пристап на двонасочност при што политиките и мерките специфични за попреченоста ќе се развиваат паралелно со редовните политики за инклузија за справување со прашањата околу попреченоста на сеопфатен начин.

ЕАСПД исто така го забележува вниманието дадено на лицата со попреченост во објектите за азил во ЕУ и во земјите надвор од ЕУ преку Европската служба за надворешни акции и програмите за намалување на ризици од катастрофи. Со оглед на важноста на улогата на ЕУ во меѓународната дипломатија и на финансирањето потребно за вонредни и хуманитарни ситуации, потребата за добро дефинирани структури и програми кои се целосно во согласност со принципите и вредностите на ЕУ, таа станува се поголем императив.

Бараме мерките кои се идентификувани во текстот да бидат темелно придружени со доследно и одржливо финансирање и акции, за да се побијат негативните последици од економската криза кои делуваат врз движењето за попреченост - како што е забележано во Резолуцијата - и да се обезбеди цврста рамка за правата во областа на попреченоста засновани на пристапот за човекови права воведен од Конвенцијата на ОН за правата на лица со попреченост.

ЕАСПД посебно се заблагодарува на Хелга Стевенс, член на Европскиот Парламент, за нејзината силна заложба за правата од областа на попреченоста и за водење на работата на овој извештај до успешна резолуција.

**ЕДФ го поздравува усвојувањето на оваа резолуција и го пофалува фактот дека лицата со попреченост преку нивните организации беа активно вклучени во целиот процес на подготовката на извештајот на Европскиот Парламент.** Тоа претставуваше добра примена на членот 4.3 од Конвенцијата на ОН за правата на лица со попреченост каде се предвидува дека лицата со попреченост преку своите

организации треба да се консултирани и активно вклучени во развојот и имплементацијата на законодавството и политиките за имплементација на Конвенцијата. Се организираа пристапни расправи за консултација со организации на лица со попреченост со што им се овозможи на лицата со попреченост да учествуваат и да ги споделат своите гледишта.

„Честитки за известувачот, европратеник Хелга Стевенс, за изготвување на извештајот на партиципативен начин, и на Европскиот парламент за усвојување на оваа резолуција со големо мнозинство. Улогата на Европскиот парламент во имплементацијата на Конвенцијата на ОН за правата на лица со попреченост и на препораките од ОН до ЕУ се основни. Изминатите години беа тешки за лицата со попреченост во Европа, со штедење, невработеност и продлабочување на сиромаштијата за жените и мажите со попреченост. Овој извештај го опишува патот по кој може да се движат европските институции за да се обезбеди дека правата на лицата со попреченост се заштитени. Во исчекување сме на продолжувањето на нашата соработка со Европскиот Парламент за да може препораките од овој извештај да станат реалност" истакна претседателот на ЕДФ, Јанис Вардакастанис.

## Активности на ЕАСПД

# Време е Инвестицискиот план на ЕУ да стори нешто повеќе за социјалните сервисни служби

**ЕАСПД организираше семинар на тема „Имплементација на Европскиот фонд за стратешко инвестирање: отклучување на инвестициите за социјалните сервисни служби" во Европскиот Парламент на 8 септември 2016 година. За време на семинарот учесниците дискутираа за тоа како да обезбедат дека Европскиот фонд за стратешки инвестиции (ЕФСИ) може значајно да придонесе за социјална инклузија во Европа, особено преку инвестирање во високо квалитетни социјални сервисни служби.**

Европскиот фонд за стратешки инвестиции (ЕФСИ) се стреми да мобилизира над 300 милијарди евра од приватни инвестиции во реалната економија во следните неколку години. По едногодишна имплементација, ЕИБ тврди дека за социјалната инфраструктура se odvojuva 4% од трошоците на ЕФСИ. Согласно истражувањето спроведено од ЕАСПД, овој процент примарно вклучува инвестиции во болници и проекти за социјално домување, со малку докази за доволно инвестирање во социјални сервисни служби.

**Лук Зелдерло**, генерален секретар на ЕАСПД, нагласи дека „социјалниот сектор има потреба од значителни инвестиции што се должи од се поголемата побарувачка на квалитетна грижа и сервисни служби за поддршка низ цела Европа". „За повеќето обезбедувачи на сервисни служби е тешко да се добие пристап до приватно финансирање, заеми и банкарски гаранции", додаде тој.

**Романа Томц**, домаќин и европратеник, истакна дека „главната цел на ЕФСИ треба да биде креирање на раст, динамичен пазар на трудот и добросостојба за граѓаните на ЕУ. Постои голема побарувачка за инвестиции во социјалните сервисни служби. Исто така има на располагање пари кај банките. Сега треба да најдеме начини како да ги споиме". Потоа побара ЕФСИ да биде релевантната алатка за тој процес.

**Томас Бигнал**, дел од тимот на ЕАСПД, ја истакна потребата од „модернизирање на социјалните сервисни служби преку инвестирање не само во развојот на инфраструктура во местото на живеење, туку и во обучувањето на персонал". Тој презентираше три препораки што произлегле од студијата на ЕАСПД „Отклучување на ЕФСИ за социјалните сервисни служби" со кои ќе се помогне во отклучување на ЕФСИ за инвестиции во социјалните сервисни служби:

1. Подобри инструменти за таргетирање на потребите и капацитетот на секторот;
2. Креирање на национални/регионални платформи за да се донесат на едно место сите релевантни чинители, и
3. Понатамошна инклузија на експертите за социјални сервисни служби во ЕФСИ процедурите за подобро проценување на квалитетот на проектите.

Во продолжение, говорниците ја истакнаа важноста од градење на коалиции и мрежи помеѓу малите и големи обезбедувачи на социјални сервисни служби за да се привлечат приватни инвеститори. Претставникот од банкарскиот сектор укажа дека градењето на капацитетот на обезбедувачите на сервиси за да разберат и да работат во приватното финансирање е неопходно, доколку сакаме отклучување на инвестициите.

Во текот на вториот панел, учесниците го опфатија прашањето за мониторинг и проценување на употребата од финансирање и ефективност на механизмот. Во таа смисла, **Георги Пирински**, европратеник, нагласи дека „постои јасна и итна потреба прво да се воведе строга одговорност пред јавноста за работењето на ЕФСИ воопшто и особено во однос на секторот за социјални сервисни служби. Тоа претставува императив имајќи ги предвид потребите за ваков вид на инвестиции и фактот дека во овој случај ЕФСИ делува со ресурси обезбедени од буџетот на ЕУ".

Сите овие пораки доаѓаат во вистинко време, само една недела пред годишното обраќање на Жан-Клод Јункер пред Европскиот парламент како претседател на Европската комисија, како и на самиот почеток на преговорите за продолжување на ЕФСИ и по 2018 година.

Преземен текст од Здравје, 21.12.2015 година

# И при задоцнето прозборување и проодување треба да се посомневате на дислексија

**Тоа со што секое дете со дислексија најмногу се соочува се тешкотиите во совладувањето на вештините за читање, пишување како и совладувањето на целокупниот материјал за учење. За децата со дислексија читањето станува мачна, тешко совладлива, а понекогаш и непремостлива тешкотија. Поради тоа чувствуваат неуспех, замор што постепено доведува со фрустрации на училиште и лично незадоволство.**

Дислексијата се вбројува во групата нервно развојни нарушувања, и главно се однесува на тешкотии со читањето. Се дефинира како нарушување во учењето, читањето и покрај постоењето нормална интелигенција, добар вид и слух, адекватна мотивација и останати поволни едукативни психолошки и социјални услови. Дислексијата претставува значајно несогласување помеѓу реалното (постојното) и очекуваното ниво на читање во однос на менталната возраст.

## ПОСЛЕДИЦА НА ЗАДОЦНЕТО ПРОЗБОРУВАЊЕ

За секое дете или личност да се дијагностицира како дислексична, неговата интелигенција мора да биде 90 или над 90, способностите за читање мора да бидат под очекуваното ниво за неговата возраст и интелигенција (најмалку 18 месеци под реалната старосна возраст), а животните услови, оние во домот, средината и училиштето мора да задоволат одреден минимум.

Логопедот Теодора Богојевска, која е и м-р по специјална едукација и рехабилитација, објаснува дека дислексијата се дијагностицира врз основа на општата дијагностика која опфаќа податоци од личната и семејната анамнеза, невролошкиот наод, оториноларинголошкиот и аудиометрискиот наод, психолошкиот наод, како и логопедскиот наод за состојбата на развиеноста на говорот и јазикот, темпото на говор и општите способности за читање и пишување на детето.

- Сите овие наоди може да бидат дополнувани по потреба со многубројни специјалистички наоди за да се отфрли одреден сомнеж, што може да придонесе за подобро запознавање на етимологијата на дислексијата - вели Богојевска.

Дислексијата е всушност многу повеќе од само неспособност за читање. Таа опфаќа и пречки во сензорското процесирање на информациите: визуелна обработка, фонолошко кодирање и разбирање на јазикот, односно пречки во моделите на перцепција кои опфаќаат брза обработка на информациите. Иако аудитивните дефицити често се присутни кај дислексичните личности, тие исто така имаат дефицит во перцептивното процесирање на брзо презентирани визуелни и тактилни дразби.

Логопедот Богојевска објаснува што гледаат и чувствуваат дислексичарите. За тоа што гледаат овие дечиња кога читаат може да добиеме најразлични одговори. Некои ќе кажат дека ги гледаат зборовите испревртено, дека буквите се движат, речениците се споени, воопшто не гледаат ниту една точка или запирка и дека воопшто не можат да ги следат со поглед зборовите на крајот од реченицата, погледот им потскокнува и не можат да го дофатат целиот ред... Она со што секое дете со дислексија најмногу се соочува се тешкотиите во совладувањето на вештината за читање, пишување како и совладувањето на целокупниот материјал за учење. За децата со дислексија читањето станува мачна, тешко совладлива, а понекогаш и непремостлива тешкотија. Поради тоа чувствуваат неуспех, замор што постепено доведува до фрустрации на училиште и лично незадоволство поради што се разликуваат од другите. Сето тоа носи низа психолошки проблеми, анксиозност, страв, депресија, гнев и формирање лоша слика за себе - објаснува таа.

## ПОЧЕСТА Е КАЈ МАШКИТЕ

Дислексијата почесто се јавува кај машките деца. Според некои истражувања, таа е наследна дури и во 85 отсто од случаите. Постојат неколку групи симптоми на дислексија кај деца и возрасни личности:

## ОПШТИ СИМПТОМИ

- Нескладност помеѓу општите способности и јазичните способности
- Постојат „добри” и „лоши” денови
- Конфузност, тешкотии во организирање на работниот ден и слободното време
- Послаба краткотрајна работна меморија
- Дезориентација во простор и време (лево-десно, исток-запад)
- Пречки во секвенционирање (азбука, месеци и години, листи со инструкции)
- Не паметат родендени
- Пречки во однос на времетраењето
- Пречки во воочување рима
- Пречки во разбирање хумор изразен со зборови
- Пречки во конверзија (им треба повеќе време за процесирање, наоѓање вистински израз)
- Пречки во ориентација во простор, во време
- Неточна (главно лоша) слика за себе
- Симптоми врзани за учење и едукација
- Бавни и несигурни во читањето (посебно на глас)
- Пречки во разбирање на прочитаното, а со тоа и за носење заклучок
- Пречки во декодирање нови зборови, терминологии, факти
- Брзо заборавање на наученото - тешко пронаоѓање нешто што веќе го виделе во книгата
- Проблем со долготрајната меморија
- Пречки со брзо пишување (фаќање белешки). Не можат да слушаат и да пишуваат истовремено
- Пречки во самостојно пишано изразување (формулирање идеи и концепти, употреба на речник, грамати-

## Логопед Теодора Богојевска, м-р по специјална едукација и рехабилитација




ка, синтакса)
- Тешкотии во организирање на учењето
- Неуреден и нечитлив ракопис
- Потреба информацијата да им се каже повеќепати
- Поради бавното читање и слабото разбирање, постојано се во трка со времето
- Обично имаат пречки во учењето странски јазици

**СПОРЕД ВИД**
- Облиците и редоследот на буквите или бројките изледаат променети или обратни (како во огледало)
- Пишувањето е неправилно и недоследно
- Буквите и бројките изгледаат како да мрдаат, ги снемува, растат или се намалуваат
- Интерпункциски знаци и големи букви нема
- При читањето или пишувањето зборови недостигаат букви или се заменуваат со други

**СПОРЕД СЛУХОТ**
- Тешко слушаат говорни гласови
- Погрешно изговараат ч, ш, љ, њ, џ
- Забележуваат лажни звуци и гласови
- Изгледа како да не го слушаат она што го изговориле
- Звуците ги перцепираат како тивки, гласни, далечни или премногу блиски отколку што се во реалноста

**СИМПТОМИ СПОРЕД РАМНОТЕЖАТА И ДВИЖЕЊЕТО**
- Вртоглавица или мачнина за време на читање
- Пречки во одредување насоки
- Неспособност да се седи мирно
- Пречки во пишувањето
- Пречки во рамнотежата и координација

**СПОРЕД ОДНЕСУВАЊЕТО**
- Хиперактивност (претерана активност)
- Хипоактивност (недоволна активност)
- Тешко учење математички поими
- Тешкотии кога треба да се биде некаде во одредено време или во процена на времето
- Претерано фантазирање
- Тешкотии во следењето редослед

**ЗАЕДНИЧКИ ОСОБИНИ**

Кај некои личности можни се сите комбинации на симптомите и однесувањето, а кај други може да ги нема. Но, постојат и заеднички особини на сите личности со дислексија:

1. Може да ја искористат способноста на својот мозок за да се промени и создаде набљудување
2. Многу се свесни за своето опкружување
3. Натпросечно се љубопитни
4. Главно размислуваат во слики, а не во зборови
5. Многу се остроумни и имаат развиена интуиција
6. Размислуваат и забележуваат повеќедимензионално (ги користат сите сетила)
7. Мислата може да ја доживеат како стварност
8. Имаат развиена имагинација

Научникот Роналд Дејвис истакнува дека ако овие осум способности не се потиснат или не ги уништат родителите и образовниот процес, личноста ќе биде натпросечно интелигентна и со многу креативни способности. Нивната посебна дарба произлегува од истите ментални функции што им оневозможуваат добро да читаат, да пишуваат и да се изразуваат. Меѓутоа, секој случај на дислексија е различен и не постојат два исти дислексичари. Дислексијата е производ на мислење и на посебен начин на реагирање на чувството на збунетост, а јазикот е огледало на мисловниот процес.

Личностите со дислексија не го слушаат тоа што го читаат ако не читаат на глас бидејќи не водат внатрешен монолог. Наместо тоа, тие креираат ментални слики, така што додаваат значење или слика со ново значење на секој нов збор.

**КАКО РОДИТЕЛИТЕ ДА ПРЕПОЗНААТ ДИСЛЕКСИЧНО ДЕТЕ?**

Логопедот Богојевска вели дека постојат многубројни рани знаци што може да ни укажат на постоењето на дислексија. Дел од нив се проблеми за време на бременоста, проблеми непосредно пред, за време и непосредно по проодувањето, задоцнето прозборување и проодување. Детето употребува фрази со кои ги заменува зборовите, има потешкотии во правилната употреба на некои зборови, детето е конфузно временски и просторно, има тешкотии во вербалното изразување на мислите. Тоа исто така покажува моторичка невештост во одредени области (прескокнување, сопнување), а неочекувана невештост во некои други (манипулација со лего-коцки), не е сигурно која рака да ја употреби при вообичаените и автоматски постапки, има тешкотии со облекување, врзување, покажува тешкотии во учење песни што се римуваат, при повторување и имитирање ритам, следење и повторување на зборовите во реченицата, паметење и совладување на две или повеќе вербални инструкции. Овие деца имаат тешкотии во организирање на работните активности во текот на денот и слободното време, во препознавање на буквите од азбуката и аудитивна анализа - вели Богојевска.

**СЛОЖЕН ПРОБЛЕМ КОЈ БАРА ВНИМАНИЕ, ТРПЕНИЕ И РАЗБИРАЊЕ**

Таа, за жал, често се соочува со деца кои страдаат од дислексија. Нагласува дека е важно родителите да ја прифатат оваа состојба бидејќи се активно вклучени во терапијата.

## Преземен текст од Здравје, 21.12.2015 година

Родителите, главно се соочуваат со овој проблем дури откако детето ќе почне со школските активности и ќе покаже неуспех во првичното совладување на материјалот и читачките вештини. Во тој случај ако наставничката не го препознае тоа и не ги информира родителите, тие често знаат да донесат погрешни заклучоци за способностите на нивното дете. Откако ќе се посомневаат дека нивното дете се соочува со одредени тешкотии или по препорака на наставниците, тие се упатуваат кај нас - стручните лица. Наша должност е прво да ги запознаеме родителите со дислексијата како проблем и како таа може да влијае на личноста на детето и неговиот процес на образование како и да им укажеме дека тоа е тешкотија од која не треба да се срамат. Таа не е последица од нечија погрешна постапка или лошо воспитување. Ги советуваме да ги охрабруваат, да им пружат помош и поддршка на нивните деца во надминувањето на оваа состојба. Се трудиме секогаш да бидеме во соработка со родителите и со наставниците за време на третманот - вели Богојевска.

Покрај стручната помош, родителите може многу да направат за своето дете. Треба да му го објаснат на детето проблемот, земајќи ги предвид неговите можности за сфаќање во зависност од возраста и способностите.

-Тие треба да му дадат до знаење на детето дека сакаат да му помогнат и дека се на негова страна, да му покажат дека веруваат во неговите способности, да ја запознаат околината со неговите проблеми и потреби, да му дадат на детето психолошка поддршка во совладувањето на тешкотиите со училиштето и околината. Секогаш да покажуваат разбирање, внимание и охрабрување - не само за работите поврзани со неговото образование, да бидат трпеливи, во односот и работата со детето да бидат креативни, позитивни, упорни и доследни, да се обидат да му го организираат денот со подеднакви барања, да не го оптоваруваат со дополнителни задачи и вежби, редовно да соработуваат со наставниците и логопедот, да го поттикнуваат детето да се занимава со различни активности за да се чувствува успешно. Тие не треба да очекуваат чудо - проблемот е сложен и бара многу време, трпение, внимание и љубов. Родителите пред се треба сами да се информираат и да се едуцираат за дислексијата бидејќи ако ги разберат тешкотиите на детето, може да му помогнат на вистински начин. Треба континуирано да му помагаат во совладувањето на училишниот материјал, бидејќи најчесто детето не го може тоа само. Важно е да му дадат психолошка поддршка, да му ја олеснат напорната работа која секојдневно го чека. Родителите и семејството треба да му овозможат на детето топлина, опуштеност и весела атмосфера. Последицата од ненавременото препознавање на дислексијата може да доведе и до тешко детство. За дислексијата многу малку се знае, родителите треба да ја запознаат блиската средина и опкружувањето со потребите на детето и ограничувањата. Родителите треба да остваруваат контакти и со лица што имаат исти проблеми и да ги разменуваат искуствата со нив - вели Богојевска.

### ТРЕТМАН СО ЛОГОПЕД

Кога ќе се постави дијагнозата децата се упатуваат на логопедски третман врз основа на видот и тежината на нарушувањето. Логопедот извршува вежби чија цел е да се поправат тешкотиите во зависност од тежината на читањето, пишувањето, разбирањето итн. Исто така, логопедот им дава насоки на родителите и наставниците како да постапат со детето, како да му помогнат, што и како треба да вежбаат со него.

Без разлика на тоа која метода и начин на работа ќе се примени во надминувањето на оваа тешкотија, целиот процес не може да се одвива брзо. Но тоа што не е брз не значи и дека не е делотворен. Дислексијата го забавува детето во постигнувањето самостојност. А тој процес на осамостојување кај децата со дислексија ќе зависи од степенот на самата дислексија, но, општо земено, ќе се одвива побавно во споредба со оние деца што немаат дислексија. Тешкотиите што ги носи дислексијата со соодветен третман и поддршка од околината може значително да се ублажат. Пресудно е да се разбере дека на детето со дислексија му е потребна помош - објаснува логопедот Богојевска.

### АЈНШТАЈН, РОКФЕЛЕР, ДИЗНИ, ЧЕРЧИЛ ИМАЛЕ ДИСЛЕКСИЈА

Познати личности кои имале дислексија се: Леонардо да Винчи, Ханс Кристијан Андерсен, Алберт Ајнштајн, Нелсон Рокфелер, Винстон Черчил, Волт Дизни. Роналд Дејвис вели дека не само што сите овие личности биле гении и покрај дислексијата, туку станале токму тоа поради неа. Тој нагласува дека дислексијата нема да направи гениј од секој дислектичар, но добро е да се знае дека нивните умови работат на ист начин како и на гениите. Пречките во читањето, пишувањето, изговарањето гласови и зборови, не значи дека не се паметни, туку дека истите ментални процеси кои создаваат гении може да се причина за тие пречки.

### НАСТАВНИЦИТЕ ИМААТ ВАЖНА УЛОГА

Наставниците имаат многу важна улога во процесот на дијагностицирање, но и во нејзиното лекување.
-Наставниците треба што побрзо да ги воочат тешкотиите и да бидат подготвени да му помогнат на детето, да остваруваат добра соработка со родителите, да покажат разбирање за проблемот со кој се соочува детето, во работата да бидат критични, но внимателни и тактични. Тие треба да го охрабруваат детето, поттикнуваат и фалат и за најмалите успеси, да влијаат и на неговите постигнувања и успеси на други полиња, да бидат доследни, упорни и стрпливи во работата, да се обидат да му го приспособат временскиот распоред на работа, повремено да му се даваат лесни задачи што ќе може успешно да ги реши. Добро е да се користат и индивидуален начин на работа со детето, да употребуваат различни средства и помагала за приспособување на материјалот во согласност со неговите можности, да создадат позитивна клима во одделението, прифаќање и помош од страна на врсниците, да користат разни начини за проверка и оценување на знаењата на детето што притоа најмногу ќе му одговараат - вели Богојевска.

(М.А.М)

## Соопштение на Канцеларијата на Високиот Комесаријат за човекови права

# Инклузивното образование е витално за сите, вклучувајќи ги и лицата со попреченост, велат експертите на ОН

Инклузивното образование е централно за постигнување на високо квалитетно образование за сите ученици, вклучувајќи ги и оние со попреченост, како и за развојот на инклузивни, мирни и праведни општества, велат експертите на ОН за човекови права во авторитетните нови насоки за Конвенцијата на ОН за правата на лица со попреченост.

"Милиони лица со попреченост се ускратени од правото на образование, а за многу образованието е достапно само во средини каде тие се изолирани од нивните врсници" велат експертите од Комитетот за правата на лица со попреченост во насоките, што официјално се нарекуваат Генерален коментар.

Образованието на лицата со попреченост честопати е со слаб квалитет, поставени се ниски очекувања и се ограничуваат можностите на учениците, забележуваат од Комитетот. Спротивно на тоа, вистински инклузивна средина ги вреднува придонесите и потенцијалите на лицата со попреченост, и ги опремува со неопходни животни, јазични и социјални вештини.

"Правото на инклузивно образование значи трансформирање на културата, политиките и практиките во сите формални и неформални образовни средини за да се овозможи образование за сите ученици," истакна заседавачот Марија Соледад Цистернас Рејес. "Инклузивното образование е важно не само за лицата со попреченост туку и за општествата каде живеат бидејќи помага во борбата против дискриминацијата и промовира различност и учество."

Генералниот коментар овозможува насоки за 166-те држави кои ја ратификуваа Конвенцијата за исполнување на обврските според членот 24, каде се вели "Државите потписнички ќе обезбедат инклузивен систем на образование на сите нивоа и доживотно учење"."Запишувањето на ученици со попреченост во редовни класови без пропратни структурни промени за, на пример, организација, наставен план и стратегии за настава и учење, не претставуваат инклузија" се вели во документот.Наместо тоа, инклузивното образование "се фокусира на целосно и ефективно учество, пристапност, присуство и постигнувања за сите ученици, особени оние, кои од различни причини, се исклучени или се во ризик да бидат маргинализирани". Тоа значи дека целиот образовен систем, без разлика дали државен или приватен, мора да биде пристапен, вклучително и објектите, информациите и комуникациите, образовните материјали, наставните методи, проценатa, јазикот и сервисните служби за поддршка, училишниот транспорт, санитарните простории во училиштата, училишните кафетерии и рекреативните простори.

"Овозможувањето на инклузивно образование значи детална трансформација на образовните системи во законодавството, политиките и начинот на кој образованието се финансира, управува, дизајнира, спроведува и следи. Се надеваме дека нашиот генерален коментар ќе ги води и ќе им помогне на државите кон постигнување на оваа цел" рече г-ѓа Цистернас Рејес.



## Гледиштата на Интернационалната инклузија

### Комитетот за Конвенцијата на ОН за правата на лица со попреченост ја поддржува позицијата на Интернационалната Инклузија за инклузивно образование

На 26-ти август 2016 година, Комитетот за правата на лица со попреченост одговорен за следење и интерпретирање на Конвенцијата за правата на лица со попреченост го објави својот генерален коментар бр.4 за образование појаснувајќи "дека само инклузивното образование може да обезбеди и квалитетно образование и социјален развој за лицата со попреченост, и да гарантира за универзалноста и не-дискриминацијата во правото на образование.

Генералниот коментар ги потврдува наодите на Интернационалната Инклузија во нејзината студија "Подобро образование за сите: Кога и ние сме вклучени". Таа прави разлика меѓу сегрегацијата, интеграцијата и инклузијата и ги повикува владите да трансферираат ресурси од сегрегирани во инклузивни средини. Се увидува дека лицата со интелектуална попреченост се меѓу оние во поголем ризик од исклучување од инклузивно образование од другите.

Морин Пиго, член на Советот на Интернационалната Инклузија и претседател на Европската Инклузија, заедно со претседателот во заминување на Интернационалната Инклузијата, Дијана Ричлер, присуствуваа на состаноците на Комитетот за Конвенцијата во Женева и се состанаа со членовите на комитетот за да разговараат за генералниот коментар пред истиот да се усвои.

"Членовите на комитетот увидоа дека за лицата со интелектуална попреченост да бидат вклучени во редовни класови со нивните врсници е клучот за уживање на други права гарантирани со Конвенцијата, како што е правото на самостојно живеење и вклученост во заедницата" рече Пиго.

"Конвенцијата го опишува светот за кој ние се надеваме, а овој генерален коментар ја слика сликата за иднината која ја посакуваме - подеднакво и за децата со попреченост и за децата без попреченост. Образование кое ги истакнува силните страни кај секој ученик и негува поинклузивен свет".

# Активности на сервисните служби и локалните организации на РЦПЛИП - ПОРАКА

## Активности на ЦПЛИП - ПОРАКА Прилеп

Активностите на Центарот за поддршка на лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА Прилеп продолжуваат да се реализираат и во овој период. Во социјалниот клуб - ПОРАКА Прилеп постојано се спроведуваат различни работилници кои овозможуваат развивање на вештините кај лицата со интелектуална попреченост.

Во текот на летниот период корисниците на социјалниот клуб реализираа неколку спортско рекреативни активности, меѓу кои посета на базенот во Прилеп, активности на спортски терени, како и друштвени игри во социјалниот клуб. Се спроведоа и неколку работилници на кои корисниците имаа можност да осознаат како се работи со тесто и да прават различни печива. Понатаму, се реализираа и креативни работилници за изработка на украсни фигури користејќи различни материјали (глина, монистри, бисери) во кои корисниците ги покажаа сите свои ликовни умешности. Во овој период продолжи и соработката со здружението Изгрев. Односно заедно со волонтерите од ова здружение се спроведуваат различни игри од натпреварувачки карактер, а исто така на огромно задоволство на лицата со интелектуална попреченост волонтерите им приредија и куклена претстава на тема „Поразличен од другите".

На покана од Центарот за поддршка на лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА Битола на 30 јули 2016 година, членовите на социјалниот клуб - ПОРАКА Прилеп беа гости на Илинденските денови 2016 во Битола. Посетата беше искористена да се разменат искуства и да се споделат знаења за работата на социјалните клубови во двата града. Истовремено, сите заеднички ја искористија можноста да се прошетаат низ Битола и да се забавуваат во Луна паркот. Дружбата продолжи и со проследување на дел од програмата на Илинденските денови. На крајот сите задоволни, се договорија дека овие активности се многу корисни и дека ќе продолжат да ги организираат и во наредниот период.





## Активности на ЦПЛИП - ПОРАКА Штип

Согласно предвидената програма за работа за 2016 година на ЦПЛИП - ПОРАКА Штип се реализираа и активностите со социјалниот клуб во изминатиот период. Акцент беше ставен на креативните работилници, па корисниците имаа можност да изработуваат белегзии, прстени за салфети и сталаци за мобилни телефони. Дел од програмските активности секогаш се и практичните активности, па корисниците стекнуваа вештини за диплење алишта и соодветно чување на гардеробата.

Во организација на здружението Цивитас беше реализирана заедничка работилница на членовите на социјалниот клуб - ПОРАКА Штип со членовите на ова здружение. Работилницата беше организирана по повод 25 години од независноста на РМ. Огромна благодарност до книжарницата А4 и компанијата АДА од Штип за донацијата и поддршката за спроведување на работилницата .





# Активности на сервисните служби и локалните организации на РЦПЛИП - ПОРАКА

## Активности на ЦПЛИП - ПОРАКА Струмица

Центарот за поддршка на лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА Струмица континуирано ги спроведува своите активности со особен акцент на реализација на активностите во социјалниот клуб - ПОРАКА Струмица. Во овој период активностите се сконцентрирани на приближување на народната традиција до лицата со интелектуална попреченост преку различни креативни и едукативни работилници. Воедно овие работилници имаат и за цел развој на когнитивните способности (развој на мислењето, поттикнување на помнењето, фокусирање и насочување на вниманието), стимулирање на креативноста итн. Корисниците на социјалниот клуб - ПОРАКА Струмица имаа можност да се запознаат и со македонските фолклорни инструменти, народните носии...

Во летниот период се спроведоа и неколку спортски и рекреативни активности. Најпрво, членовите на Социјалниот клуб при ЦПЛИП - ПОРАКА Струмица се рекреираа на базенот Аквариус во Струмица. Исто така, членовите беа во посета и на Дојранското Езеро. Но благодарение на обезбедените справи за спортување, корисниците на социјалниот клуб постојано ја развиваат својата моторика. Дел од спортските активности се спроведуваат и на отворено, заедно со деца и лица кои немаат попреченост, а со цел подобра интеракција и социјализација на лицата со интелектуална попреченост, но и подигнување на јавната свест за потенцијалите и можностите на овие лица.

Лицата со интелектуална попреченост имаат потреба од постојани физички активности за развивање на мускулатурата, а посетата на базенот и Дојранското Езеро, дружбата и пливањето ја поттикнаа визиомоторната перцепција и координација и развивањето на моториката на нашите членови. Спортско-рекреативните активности се добар метод и за подигање на јавната свеста и подобрување на состојбата кај лицата со интелектуална попреченост.

Упатуваме огромна благодарност за поддршката од Диско Базен Аквариус и до Млекара ЈОКА кои ни овозможија да ги спроведеме овие рекреативни активности.





## Активности на ЦПЛИП - ПОРАКА Битола

Социјалниот клуб, како сервисна служба на ЦПЛИП - ПОРАКА Битола, редовно спроведува активности три пати неделно. Во изминатиот период покрај редовните активности кои се спроведуваат во социјалниот клуб, корисниците имаа можност да учествуваат и на неколку рекреативни активности, како што беше посетата на Демирхисарскиот предел, поточно селото Бабино. Размената на искуства и информации е секогаш добредојдена, па поради тоа се реализираше и посета на социјалниот клуб - ПОРАКА Прилеп. Посетата на Прилеп се искористи и за посета на Пиво фест.

Една од активностите која предизвика голем интерес и задоволство кај корисниците, беше едукативната работилница реализирана во соработка со службено лице од Министерството за внатрешни работи на РМ, Единица Битола. На работилницата се разговараше за сообраќајна култура, сообраќајот во населено место, сообраќајните знаци. Претставникот на МВР успеваше на пристапен начин да им ги презентира сообраќајните правила, да разговара со корисниците за почитувањето на истите, и начинот на однесување кога лицата се дел од сообраќајот како пешаци.





# Наша Страница

## Реализација на донацијата од Винарската визба ТИКВЕШ

Прославата на 130 годишниот јубилеј на Винарската визба „Тиквеш“, која се совпадна со минатогодишниот Фестивал на младо вино имаше општествено одговорна димензија. На настанот, „Тиквеш“ ги мотивираше гостите да донираат со тоа што за секоја донација даде подарок младо вино. Собрани беа 134.277 денари кои „Тиквеш“ ги удвои со свои средства. Целата сума од 268.554 денари беше наменета за реновирање на простории во дневните центри кои функционираат во рамки на Републичкиот центар за поддршка на лицата со интелектуална попреченост – ПОРАКА.





Во изминатиот период, РЦПЛИП – ПОРАКА работеше на реализација на донацијата од „Тиквеш“. Средствата се искористуваат за реновирање на санитарните јазли во дневниот центар – ПОРАКА Скопје во Аеродром и санирање на оштетувања настанати од поплавите во месец август.





ISSN 0350-5863